ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА
УПРАВУВАЊЕ
СО ГРАДСКИ ГРОБИШТА
Бр. 03-1361/3
29.12.2023 год.
Охрид

Врз основа на член 22 од Закон за изменување и дополнување на Законот за Јавните претпријатија (Сл.весник на Република Македонија бр.41/14...) и во согласност со Правилникот за начинот на унапредување на давателите на јавни услуги во ЈП Градски Гробишта , формата и содржината на интерниот оглас за работни места со статус на даватели на јавни услуги во ЈП Градски Гробишта Охрид ,како и Правилник за систематизација на работни места во ЈП Градски Гробишта Охрид бр.03-1063/1 од 04.12.2015 и сите негови измени како и врз основа на Одлука од В.Д.Директор донесена под број 03-1361/1 од 29.12. 2023 година се распишува:

# ИНТЕРЕН ОГЛАС - 1 /2023

## За пополнување на слободно работно место

1. Раководител на Сектор Гробишта , одржување на животна средина и градежништво - давател на јавни услуги ниво А1 ;

- Извршител – 1( еден)

Со шифра на работно место КДР 0305 А01 014
Кандидатот треба да ги исполнува следните услови:
- да се државјанин на Северна Република Македонија
- активно да користат македонски јазик
- да се полнолетни
- да имаат општа здравствена состојба за работното место
- со правосилна судска пресуда да не им е изречена казна забрана за вршење на професија,дејност или должност.

- да имаат завршено високо образование ;
- Најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII /1степен;

-најмалку четири години работно искуство во струката од кои најмалку две на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор;
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење, преку приложување на потврда;
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на ЕУ( англиски , германски, француски ) преку приложување на потврда .
-да е оценет со оценка 4 или 5 при последно оценување,
-да е на работно место на непосредно пониско ниво,од работното место за кое е објавен Интерниот оглас,
-да поминал најмалку една години на тековно работно место,
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година,пред објавување на Интерниот оглас.

Огласот ке трае 5 работни дена од денот на објавување на веб страна на ЈП Градски Гробишта Охрид.
Потребните документи со Пријава да се доставаат во Архива на претпријатието.
Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни , а доставените докази верни на оригиналот.
Кандидатот кој внел лажни податоци ќе биде дисквалификуван во натамошната постапка.
Огласот ке трае 5 дена од денот на објавување на веб страна на ЈП Градски Гробишта.

Постапка за пополнување  на работно место преку Интерен оглас ке ја спроведе Комисија,која ке достави предлог до директорот, кој во рок од 3 дена од добивање на Предлогот ке изврши избор.

ЈП Градски Гробишта
ВД Директор,

Драган Тренески